# ЗАКОН

## за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем по Проектот за подобрување на постојната регионална и локална патна мрежа

### Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка со заем во износ од 70.000.000 евра, наменет за реализација на Проектот за подобрување на постојната регионална и локална патна мрежа.

### Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 на овој закон, се утврдуваат со Договор за заем за Проектот за подобрување на постојната регионална и локална патна мрежа , кој ќе се склучи меѓу Владата на Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

### Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 на овој закон е 20 години, со вклучен грејс период од 5 години. Каматната стапка по која ќе се сервисира заемот е ЛИБОР (за евро валута) плус варијабилен распон. Каматната стапка може да се намали врз основа на претходно донесена одлука на Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка.

Заемот ќе се отплаќа во 30 полугодишни рати, на секој 15-ти март и 15-ти септември во годината. Од 15-ти септември 2013 година до 15-септември 2027 година ќе се отплатат 29 полугодишни рати секоја во износ од 3,33% од заемот, односно 2.331.000 евра, додека на 15-ти март 2028 година ќе се отплати последната рата во износ од 3,43% од заемот, односно 2.401.000 евра.

Во грејс периодот од 5 години, што претставува и период на реализација на проектот, ќе се плаќа само камата на заемот.

На денот на повлекување на средствата, Република Македонија ќе и плати на Светската банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот.

### Член 4

Корисник на средствата од заемот од членот 1 на овој закон е Фондот за магистрални и регионални патишта.

### Член 5

Република Македонија, заемот од членот 1 на овој закон ќе го сервисира од Буџетот на Република Македонија.

### Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".